Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-34/2
15.9.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 10/2025
за набавка на услуги за превод

I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

„Иницијатива за административна социјална правда"

II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугата треба да се испорача во период од **октомври 2025 до декември 2026**.

III. ПОЗАДИНА

Општата цел на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" е да се подобри пристапот до социјалната правда во административни процедури, особено за најмаргинализираните граѓани. Специфичните цели на проектот се:

1. Да се поддржи собирањето податоци засновано на докази за да се овозможат подобри политики кои ги штитат социјалните права во управните постапки;
2. Да се охрабрат маргинализираните заедници да ги заштитуваат своите социјални права во административните постапки;
3. Да се зголеми знаењето кај различните засегнати страни за меѓународните стандарди од областа на управните постапки за постигнување на социјална правда.

Проектот е финансиран од ЕУ, во рамки на IPA-EIDHR-EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234 програмата за човекови права и демократија и се спроведува од јануари 2025 година до декември 2026 година.

Институтот за човекови права (ИЧП) е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од

земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е реализација на услуги за писмен превод од македонски на албански и/или англиски јазик и консекутивен или симултан превод од македонски на албански јазик и обратно, кои се неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

Писмен превод

ИЧП има потреба од писмен превод од македонски на албански и/или англиски јазик.

Задачи и обврски на преведувачите:

Во координација со проектниот координатор и тимот на ИЧП, преведувачот ќе врши писмен превод на анализа за административна социјална правда, извештај од состаноци на Националното за административна социјална правда, едукативни материјали, модули за тренинзи и други материјали, зависно од потребите на проектните активности. Една страница писмен превод се смета една страница ворд-текст со максимум до 1800 јазични знаци со празни простори.

Секој поединечен материјал ќе му биде доставен на преведувачот во електронска верзија (во ворд-документ преку е-маил) и истиот е должен да го преведе материјалот, во договорно определениот рок, и електронски да достави финална верзија на материјалот до ИЧП. Доколку проектниот тим смета дека е потребно да се направат некои измени, преведувачот ќе изврши корекции, во согласност со насоките дадени од ИЧП.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

Консекутивен или симултан превод

ИЧП има потреба од консекутивен или симултан превод од македонски на албански јазик и обратно на два настани, од кои едниот настан е тридневна обука, а другиот е дводневна обука.

Задачи и обврски на преведувачите:

Во координација со проектен координатор и тимот на ИЧП, и во соработка со другите преведувачи, добавувачот ќе врши консекутивен или симултан превод на обуките. Зависно од потребите на обуката, ИЧП ќе одреди дали има потреба од симултан или консекутивен превод.

V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

За писмениот превод, плаќањето ќе биде извршено по реализација на секоја поединечна услуга и доставување на бараниот материјал, најдоцна во рок од 30 дена.

За консекутивниот или симултаниот превод, плаќањето ќе биде извршено по реализација на секоја поединечна услуга, поточно по реализација на секој настан, најдоцна во рок од 30 дена.

VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целиот проект;
- Во функција на успешно извршување на задачата на преведувачите ќе им биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП.

Преведувачот ќе работи во координација и под директен надзор на проектниот координатор и со поддршка од проектниот тим. Тој/таа ќе биде во комуникација со проектниот координатор по потреба.

VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугата треба да се испорача во период од **октомври 2025 до декември 2026**.

Проектниот тим на Институтот за човекови права, во согласност со предвидената временска рамка, ќе се договори со преведувачот за точниот датум на реализација на услугите.

ИЧП ќе го извести преведувачот за точниот датум за реализација на услугата на писмениот превод до 7 дена пред да треба да се испорача писмениот превод, во зависност од големината, поточно бројот на јазични знаци на текстот кој ќе биде испратен на преведувачот во ворд-документ преку е-маил.

VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Местото на извршување на писмениот превод ќе биде одредено од страна на вршителот на услугата. Местото на извршување на консекутивниот или симултаниот превод и одржувањето на обуките ќе биде дополнително одредено од страна на тимот на ИЧП.

IX. ВЕШТИНИ[1]

- **Оспособеност за преведување:** способност да го пренесе значењето од изворниот на целниот јазик и да создаде текст што ги задоволува лингвистичките правила на целниот јазик и инструкциите за конкретната преведувачка работа, притоа водејќи сметка за терминологијата, граматиката, лексиката, стилот, специфичностите на културата и други конвенции, форматирањето, целната група и целта на преводот.
- **Лингвистичка и текстуална оспособеност и во изворниот и во целниот јазик:** способност да се разбере изворниот јазик и комплетно познавање на целниот јазик. Тоа подразбира познавање на карактеристиките на различни текстови, од стандарден јазик до многу специјализирани текстови и способност да се примени ова знаење при создавањето на преведените текстови.
- **Оспособеност за истражување, наоѓање информации и преработка на информациите:** способност за ефикасно здобивање со дополнително лингвистичко и специјализирано знаење коешто е неопходно за разбирање на изворниот текст и создавање на преводот. Ова, исто така, подразбира искуство во примена на алатки за истражување и способност за развивање соодветни стратегии за ефикасна примена на достапните извори на информации.
- **Оспособеност за разбирање на културните специфичности:** способност да се искористат информациите како за изворната така и за целната култура и нејзините конвенции, како и стандардите на однесување и системите на вредности со кои се одликуваат изворната и целната култура.
- **Техничка оспособеност:** ги опфаќа способностите и вештините што се потребни за професионална подготовка и создавање на преводот, вклучително и способноста за примена на технички ресурси (комуникациска опрема, хардвер и софтвер, компјутерски преведувачки алатки, пристап до извори на информации и медиуми).

X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ПРЕВЕДУВАЧОТ

Образование

- Минимум завршени студии од прв циклус на високо образование.
- Како предност ќе се смета доколку добавувачот е дипломиран преведувач со завршено четиригодишно високо образование на филолошки студии (т.н. „стара програма") или дипломиран преведувач со стекнати 180 кредити согласно ЕКТС.

Стручност

- Најмалку пет години искуство со преведување.

[1] [1] http://mata.mk/wp-content/uploads/2017/03/profesionalni-standardi.pdf

Членување во професионални здруженија

- Како предност ќе се смета соодветен доказ за членство во професионални организации и асоцијации за превод.

XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на добавувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачите чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ги задоволува следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 60%
- Финансиска понуда: 40%

Највисоко рангираните понудувачи ќе имаат предност при ангажирањето за специфични задачи во рамки на проектот, а договор ќе се склучи со преведувачот кој ќе го прифати понудениот ангажман.

Согласно проектниот буџет, максималниот износ за 1 страница писмен превод (1.800 карактери со празни простори) е 737,00 денари бруто износ, а максималниот износ за консекутивен превод до 8 часа ангажман изнесува 9.218,00 денари бруто износ.

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само кандидатите кои ќе добијат минимум 35 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

Квалитативна евалуација:

Критериуми	**Максимум поени** **60**
Минимум завршени студии од прв циклус на високо образование. Како предност ќе се смета доколку добавувачот е дипломиран преведувач со завршено четиригодишно високо образование на филолошки студии (т.н. „стара програма") или дипломиран преведувач со стекнати 180 кредити согласно ЕКТС. Прв циклус студии = 15 поени	20

Втор циклус студии = 18 поени Трет циклус студии = 20 поени	
Како предност ќе се смета доколку добавувачот е дипломиран преведувач со завршено четиригодишно високо образование на филолошки студии (т.н. „стара програма") или дипломиран преведувач со стекнати 180 кредити согласно ЕКТС. Дипломиран преведувач = 5 поени	5
Најмалку пет години искуство со преведување. 5 години = 20 поени 5 - 10 години = 25 поени Повеќе од 10 години = 30 поени	30
Соодветен доказ за членство во професионални организации и асоцијации за превод. Членство = 5 поени	5

XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:

- Ваша кратка биографија со фокус на потребните квалификации;
- Соодветен доказ за членство во професионални организации и асоцијации за превод.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Ставка	Опис на производ/услуга	Единечна цена во бруто износ (МКД)
1.	Превод на 1 страница пишан текст (цена за страница ворд-текст со максимум до 1800 јазични знаци со празни простори)	
2.	Консекутивен или симултан превод до 8 часа ангажман	